Постапувајќи по претставката бр. 08-228/1 од 16.3.2023 година, поднесена од [redacted] Скопје против [redacted], за извршена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација на 18.7.2023 година, го донесе следниот

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-228/2
20-07-2023 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**ЗАКЛУЧОК**

**за отфрлање на претставката за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

**О б р а з л о ж е н и е**

На 16.3.2023 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] Скопје против [redacted], за извршена дискриминација во областа на јавно информирање и медиуми.

Подносителот на претставката наведува дека на 12.3.2023 година од профилот на Вечер.мк, на социјалната мрежа Facebook бил објавен текст кој во јавноста ширел расистички пишан материјал, при што во текстуалната објава било споделено дека ,,И бајките се проблем, ЌЕ СЕ МЕНУВА РОДОТ НА ПРИНЦОВИТЕ и бојата на кожата". Во претставката е дополнително истакнато дека ваквиот текст бил предмет на реакции, коментари и споделувања меѓу другите учесници на социјалната мрежа со што се дава идеја и теорија која помага и промовира омраза против било кое лице, врз основа на раса, боја на кожа, род и етничка припадност.

Подносителот на претставката истакнува дека ваквиот **говор на омраза** ги опфаќа сите форми на изразување со кои се шири, поттикнува, промовира или оправдува расна омраза, ксенофобија, антисемитизам или други форми на омраза. Притоа, предметниот проблем – говорот на омраза претставува материја уредена со казненото право, која не спаѓа во надлежностите на Комисијата согласно Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Во оваа насока, Комисијата посочува дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација согласно дефиницијата содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20) која гласи: ,,*дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.* "

Следствено, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на овој заклучок и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

18.7.2023 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]